# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 16, година LI**
**Понеделник, 16.11.2020**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2020 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2020 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15 ) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 12.11.2020 година донесе

### З А К Л У Ч О К
### за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-133/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година

1. Ја објавувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12, 192/15 и 167/16),Советот на Општина Битолана 63-та седница, одржана на 12.11.2020 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
За проширување на средствата на Буџетот на Општина **БИТОЛА**
За **2020** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаБИТОЛА за 2020 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 3.530.967 | 0 | 0 |
| | | **0** | **3.530.967** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **K30** | **МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 539.202 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 42.531 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 151.898 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 60.598 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 4.041 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 9.697 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 481.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 800.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 642.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **3.530.967** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

Бр.09-133/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измени и дополнување на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2021 до 2023 година**

1. Ја објавувам Програма за измени и дополнување на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2021 до 2023 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), а во врска со член 21б и чл.31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 4/08…..167/16), член 23 точка 5, 6 и 7 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04,…..244/19) Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 12.11.2020 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА БИТОЛА за периодот од 2021 до 2023 година

Поаѓајќи од начелата на транспарентност, ефективност, ефикасност и економичност а во функција на начелото на буџетска рамнотежа, која е одлика на тригодишното работење на Општина Битола, изработена е Програмата за развојни планови за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2023 година.

Програмата на развојни планови во споменатиот период претставува среднорочен приказ на програми кои се наменети за развојни инвестиции кои се во тек и кои се планираат за наредниот тригодишен период.

Во Програмата содржани се одделни буџетски програми, потпрограми, години во кои истите ќе се реализираат, изворите на финансирање и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Висината на средствата на тригодишната развојна програма произлегува од планираните инвестиции за наредниот период и изнесуваат **568.405.183,00ден.** (Прилог 1-составен дел на оваа програма).

Средствата во висина од **310.982.780,00денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2021год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **185.559.203,00денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2022год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **71.863.200,00денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2023год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата од оваа програма се распределени за финансирање на објекти кои се од исклучителна важност за Општина Битола а чија реализација заради големината и самата природа на активностите се одвива во подолг рок.

Со оваа програма расходите за изградба и реконструкција на улици и патишта во Општина Битола се предвидени во износ од 151.671.008,00ден..

Со Развојната програма за периодот 2021 до 2023 година предвидено е да се дозаврши и да се исплати реконструкцијата на улица Илинденска во износ од 18.830.186,00ден. и тоа во 2021год..

Предвидени се завршувања на реконструкција на следните улици: дел од улица Довлеџик, улица „Индустриска“, улица „Ѓорги Беќаров“, улица „2-ри Август“ и улица „Булевар 1-ви Мај“.

Планирани се средства за реконструкција на мостовите на река Драгор и река Курделец на улица „Довлеџик “ во износ од 56.846.791,00ден..

Планирани се средства за реконструкција на локалниот пат за село Трново-Магарево во износ од 25.923.872,00ден. како и за локалниот пат за с. Буково во износ од 9.812.958,00ден..

Ревитализацијата на поранешниот офицерски дом според планираните активности треба целосно да заврши во 2021год. Од буџетот на општината планирани се средства во износ од 22.324.500,00ден..

Изградбата на Северната трибина на градскиот стадион под Тумбе кафе е планирано да се заврши во првиот квартал од 2021год.. Плаќањата за истата соодветно на начинот кој произлегува од договорот со изведувачот ќе се одвиваат дел во 2021год. а еден дел во 2022год. За 2021год. предвидено е да се исплатат 120.000.000,00ден. а во првата половина од 2022 год. 82.000.000,00ден..

Гасификација на Општина Битола е процес кој е од исклучително значење за градот. Општина Битола согласно определбите е во завршна фаза со изработката на проектот за инфраструктура и основниот проект за „Изградба на гасоводна дистрибутивна мрежа, во корелација со топлификација на Општина Битола". За почеток на имплементација на овој проект односно изградба на гасификационата мрежа, Општина Битола за 2021год. планира средства во износ од 18.000.000,00ден.. Но самиот процес на гасификација ќе зависи од одлуката на Република Северна Македонија за начинот на експлоатација на гасификационите системи во градовите и од пристигнувањето на магистралниот гасовод до Битола.

Во 2021 година предвидени се 31.519.800,00ден. за изградба на прва фаза-карабина на градинката во АРМ. Во зависнот од динамиката на градбата ќе започне и втората фаза.

Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води и изградба и реконструкција на системи за водоснабдување, ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

Планирани се средства за изградба на колекторски систем за село Буково во вреденост од 8.000.000,00ден.. Исто така планирани се средства за реконструкција на атмосферската и фекалната канализација за дел од улица „Довлеџик, како и реконструкција на канализационата мрежа на улица „2-ри Август".

Што се однесува на изградбата и реконструкцијата на системите за водоснабдување, со оваа програма се планира да се изврши реконструкција на водоводна мрежа на улиците „2-ри Август", „Булевар 1-ви Мај" и дел од улица „Довлеџик".

Динамиката на реализацијата, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови, и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-133/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# ПРИЛОГ

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ
## НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ од 2021 до 2023година

| Ред бр. | Име на буџетска про-грама | Име на развој-на програ-ма | Планирани работи за изведување | Износ за 2021 во ден | Износ за 2022 во ден | Износ за 2023 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | Изградба и реконструкција на улици и локални патишта | | | |
| 1 | | JDI | Реконструкција на улица „Илинденска“ | 18.830.186,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2 | | JDA | Реконструкција на дел од улица „Довлеџик“ | 15.219.247,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3 | | JDB | Реконструкција на мостовите на р.Драгор и р.Курделец на улица „Довлеџик“ | 5.000.000,00 | 51.846.791,00 | 0,00 |
| 4 | | JDZ | Санација на улица „Индустриска“ | 3.277.060,00 | 11.712.412,00 | 0,00 |
| 5 | | JDM | Реконструкција на локален пат с.Трново-с.Магарево | 25.923.872,00 | 0,00 | 0,00 |
| 6 | | JDS | Реконструкција на локален пат за с.Буково | 9.812.958,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7 | | JDN | Реконструкција на улица „Ѓорги Беќаров“ | 12.727.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8 | | JDR | Реконструкција на улица „2-ри Август“ | 2.357.970,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9 | | JDK | Реконструкција на улица „Булевар 1-ви Мај“ | 3.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | KA | | Културно творештво и манифестации (капитални трошоци) | | | |
| 10 | | KAB | Ревитализација на поранешен Офицерски дом | 22.324.500,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | LA | | Спорт и рекреација (Капитални трошоци) | | | |
| 11 | | LAA | Реконструкција на други објекти | 120.000.000,00 | 82.000.000,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | GD | | Енергетика | | | |
| 12 | | GDA | Гасификација на Општина Битола | 18.000.000,00 | 40.000.000,00 | 71.863.200,00 |
| | | | | | | |
| | VA | | Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца) | | | |
| 13 | | VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 31.519.800,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | JI | | Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води | | | |
| 14 | | JIK | Изградба на колекторски систем до с.Буково | 8.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 15 | | JIM | Реконструкција на атмосферска канализациона мрежа на ул„Довлеџик“ | 3.194.186,00 | 0,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | JIN | Реконструкција на фекална канализациона мрежа на ул„Довлеџик“ | 3.337.869,00 | 0,00 | 0,00 |
| 17 | | JIA | Реконструкција на канализациона мрежа на ул„2-ри Август“ | 2.090.298,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | JG | | Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување | | | |
| 18 | | JGA | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„2-ри Август“ | 1.886.379,00 | 0,00 | 0,00 |
| 19 | | JGM | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“ | 2.600.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 20 | | JGN | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Довлеџик“ | 1.881.455,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | |
| | | | Вкупно по години: | 310.982.780,00 | 185.559.203,00 | 71.863.200,00 |
| | | | Се вкупно: | 568.405.183,00 | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023)

1.Ја објавувам Програмата за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023), донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04, 89/08 и 152/15) и член 22 точка 18 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/2005, 17/2008 и 8/19), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023)

1. Во Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023) бр. 09-94/15 од 20.07.2018 година („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 9/18), во делот „СПОМЕН ПЛОЧИ“, по точката 24 се додава нова точка 25 која гласи:

25. Спомен плоча на Мери Луиза Метјус и Американското училиште за девојки во Битола (1888-1920)“

2. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-133/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за отстапување во сопственост на движна ствар товарно возило за специјална намена (пајак) без надомест од страна на Општина Битола на „Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола “ Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за отстапување во сопственост на движна ствар товарно возило за специјална намена (пајак) без надомест од страна на Општина Битола на „Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола “ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за отстапување во сопственост на движна ствар товарно возило за специјална намена (пајак) без надомест од страна на Општина Битола на „Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола “ Битола**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола товарното возило за специјална намена (пајак) MAN TGM 15.240, број на шасија WMAN 16ZZ38Y198449 и број на мотор 21817065301711 го отстапува во сопственост на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-133/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2020 година**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2020 година, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14..143/19) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2020 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2020 година бр.04-251/1 од 09.11.2020 година.

**Член 2**

По добиената согласност Градоначалникот на Општина Битола да ја донесе измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2020 година и да ги достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-133/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## За објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифите за прочистување на отпадните води на КЈП „Нискоградба“ Битола за регулиран период 2021-2023 година, за населено место Кукуречани

1.Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифите за прочистување на отпадните води на КЈП „Нискоградба“ Битола за регулиран период 2021-2023 година ,за населено место Кукуречани донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифите за прочистување на отпадните води на КЈП „Нискоградба“ Битола за регулиран период 2021-2023 година, за населено место Кукуречани

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на тарифите за прочистување на отпадните води на КЈП „Нискоградба“ Битола за регулиран период 2021-2023 година, за населено место Кукуречани, донесена од Управниот одбор на Претпријатието бр.02-579/5 од 07.08.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-133/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување членови во Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола

1. Го објавувам Решението за именување членови во Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување членови во Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола

1. Во Локалниот совет за волонтерство СЕ ИМЕНУВААТ:

- Александар Гергиевски, средношколец
- Мелинда Станчевска, дипломиран професор по англиски јазик и литература
- Фатма Бајрам Аземовска, библиотекар
- Филип Тасковски, студент
- Јовче Крстески, психолог
- Милчо Дули, магистер по претприемништо и менаџмент на мали и средни бизниси
- Снежана Стојанова, дипломиран педагог
- Марија Мерковска Крушаревска, проектен координатор
- Виолета Налевска, магистер по кадровски менаџмент

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-133/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување на претставник од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски цвет“-Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на претставник од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски цвет“-Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 130 став 4 алинеа 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13...27/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Служб-

ен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на претставник од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски цвет“-Битола**

1. СЕ РАЗРЕШУВА лицето Бисера Петровска Аргиновска, од претставник од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски цвет“-Битола
2. СЕ ИМЕНУВА лицето Даниел Иваноски, за претставник од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски цвет“-Битола
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-133/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ Битола за 2021 година**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на на ОСМУ „Д-р Јован Калузи“ Битола за 2021 година, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на измените на Годишниот план за вработување на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ Битола за 2021 година**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на измените на Годишниот план за вработување Бр.01-144/1 од 09.11.2020 година на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ Битола за 2021 година. .
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-133/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Битола**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Битола, донесен на

седницата на Советот на Општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Битола,во делот посебни тела на Општината да се додаде нов наслов Партиципативно тело за урбанистичко планирање , поднесена од Градоначалник на Општина Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-133/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за набавка на брзи тестови за детекција на коронавирусот САРС КоВ-2

1. Ја објавувам Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за набавка на брзи тестови за детекција на коронавирусот САРС КоВ-2, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 22 точка 36 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/2005, 17/08 и 8/19), а во врска со член 7 став 1, член 8 став 1 и член 10 став 1 алинеја 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година донесе

## О Д Л У К А
## за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за набавка на брзи тестови за детекција на коронавирусот САРС КоВ-2

**Член 1**

Со ова одлука се дава донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола во износ од 20.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, потребни за набавка на брзи тестови за детекција на коронавирусот САРС КоВ-2.

**Член 2**

Средствата од членот 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Битола за 2020 година, програма Г1 – Локален економски развој, ставка 464990 – Разни

трансфери и да се уплатат на сметката за донации на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола:

Назив на примач: Трезорска сметка
Банка на примач: НБРСМ
Сметка број: 100 0000000660 05
Сметка на буџетски корисник за донации: 660 0200082485 69
Приходно конто: 744311
Програма: 00.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола за донацијата која што е предмет на оваа одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-133/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на измена на Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2020 година

1. Го објавувам Заклучокот за измена на Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2020 година, донесен на седницата на Советот на општината Битола одржана на 12.11.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола- бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општина Битола, на својата седница, одржана на ден 12.11.2020 год., донесе

## И З М Е Н А Н А П Р О Г Р А М А Т А
## ЗА АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2020 година

Се врши измена на програмата во делот 4. ПРОФЕСИОНАЛЕН СПОРТ каде се додаваат дополнителни 1.600.000,00 денари и тоа:

| | Активност | Одговор-ни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | ПРОФЕСИОНАЛЕН СПОРТ | | | | | | |
| 4.1. | Општина Битола во насока на унапредување на спортот ќе ги поддржува и финансира професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Битола | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финанси-ски средства | Финансиска поддршка на програмите на професионалните акционерски друштва и спортски здруженија во кои општината Битола има капитал: ФК Пелистер АД Битола, РК Еурофарм Пелистер АД Битола, КК Пелистер АД | Со поддршката на професионалните спортски клубови – акционерски друштва им се помага во разрешување на финансиските тешкотии со што ќе понудат соработка и да привлечат голем број | 2020 | 28,600 ,000.00ден | Степен на рангирање во првенствените лиги на спортските федерации Број на меѓународни натпревари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Битола. Препорака:Финансиските средства треба да се распределуваат согласно унапредувањето на родовата еднаквост односно еднаквите можности на мажите и жените. | компании кои ќе вложуваат. Оваа мерка ќе се придонесе следење на европските и светските искуства каде што најголем број на клубови функционираат како акционерски друштва, регулирање и утврдување на сопственоста и сопственичката структура на клубовите, привлекување на повеќе спонзори и приватни компании кои ќе инвестираат во спортските клубови. | | | |

Дополнителните Финансиски средства се додаваат од:
2. Од СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ 70.000,00 денари
3. Од УЧИЛИШЕН СПОРТ 550.000,00 денари
5. Од СПОРТ ЗА СИТЕ 330.000,00 денари
6. Од ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ 600.000,00 денари
7. Од МЛАДИ 50.000,00 денари

| | | Одговор-ни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | | | |
| **2.1.**<br><br><br><br><br><br><br><br><br>**2.2.**<br><br><br><br><br><br>**2.3.** | Традиционални манифестации<br><br><br><br><br><br><br><br>Манифестации од особен интерес<br><br><br><br><br>Хуманитарни манифестации | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финан-сиски средства | Општина Битола ќе ги финансира спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на континуитетот на вакви манифестации за кои има интерес од страна на граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во општината. | Организаторот на спортската манифестација кој конкурира за добивање на средства од буџетот на Општина Битола доставува:<br>- програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- организационен одбор на манифестацијата<br>- спортисти,спортски екипи кои ќе настапат<br>- број на лица со посебни потреби вклучени во манифестацијата<br>- број на жени вклучени во манифестацијата<br>- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година | 2020 | 230,000,00ден. | Број на реали-зирани манифестации Број на вклучени лица,број на вклучени жени и број на лица со посебни потреби |

| | Активност | Одговор-ни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | **УЧИЛИШЕН СПОРТ** | | | | | | |
| **3.1.** | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола<br><br>Општина Битола ќе ја финансира и Програмата на Општинскиот сојуз на училишен спорт која е во согласност со Програмата на Федерацијата на училишен спорт на Македонија и истата е од натпреварувачки карактер | Општина Битола, Општински сојуз на училишни спортови<br><br>Општина Битола, Општин-ски сојуз на училишни спортови, Федера-ција на училишен спорт | Општина Битола ќе продолжи да ги финансира општинските Училишни Лиги кои се формираат со единствена цел за масовност и поголема застапеност на ученици во лигите кои предходно не се занимавале активно со спорт и со посебен акцент за вклучување на ученици од пониските одделенија и класови.<br><br>Оваа програма претставува збогатување и унапредување на постоечкиот класичен систем на натпревари преку организирање на зонско–меѓузонски, регионални и државни лиги во повеќе спортови од спортските игри, каде основните и средните училишта, преку нивните училишни спортски клубови ќе се вклучат со поголем број ученици во континуиран тренажен процес и зголемен број на натпревари во лиги организирани на три нивоа во текот на целата учебна година. | Училишните лиги ќе придонесат за зголемување на процентот на деца кои ќе се занимаваат со спорт во иднина. Училишните лиги ќе ги организираат директорите на основните и средните училиштата во соработка со општината.<br><br>Основна цел е да се унапреди училишниот спорт со зголемување на бројот на ученици во спортските активности и системот на натпревари. Реализацијата на проектот ќе биде во функција на забрзан развој на системот училишен спорт и целокупниот спорт во нашата држава. | 2020 | 300,000.00 ден. | Број на училишни спортски клубови, број на вклучени деца кои не се занимаваат со спорт, број на женски деца, број на деца со посебни потреби<br><br>Квалитативно системско зајакнување на училишниот спорт<br>Степен на рангирање на училишните спортски клубови на државно ниво |
| | **Активност** | **Одговор-ни** | **Опис на активност** | **Цел** | **Време** | **Финансиски Ресурси** | **Индикатори** |
| **5.** | **СПОРТ ЗА СИТЕ** | | | | | | |
| **5.1.** | Општина Битола ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните во општината | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финансис-ки средства | Ден на велосипедот<br>Пелистерски рекреативни денови<br>(превоз на граѓаните)<br>Спортски ден на жената<br>Спортско лето<br>(Бесплатни часови во текот на летниот период за сите граѓани на општината по одделни спортови. Тренизите ќе бидат спроведени од страна на спортските тренери кои се финансирани од Програмата)<br>Спортско – рекреативни денови со соседните земји<br>(превоз до соседните земји и размена на | Целта е преку рекреативниот спорт да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината. | 2020 | 70,000.00ден. | Број на настани и број на вклучени граѓани<br>Број на лица со посебни потреби вклучени во активноста<br>Број на жени вклучени во активноста |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | искуства)<br>Ролеријада и скејтбординг<br>Шах<br>Спортско качување<br>Планинарење | | | | |
| | **Активност** | **Одговор-ни** | **Опис на активност** | **Цел** | **Време** | **Финансиски Ресурси** | **Индикатори** |
| **5.** | **ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
| **5.1.** | Женски спортски здруженија | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финанси-ски средства | Општината ќе ги поддржува и женските спортски здруженија кои се натпреваруваат во највисоките првенствени лиги, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва | Зголемување на вклученоста на жените и девојчината во највисоките првенствени лиги и поттик за подеднакво финансирањето на жените и мажите, момчињата и девојчињата во спортот. | | 800,000.00 ден. | Степен на рангирање во првенствените лиги на спортските федерации<br>Број на меѓународни натпревари |
| **5.2.** | Спортски клубови/здруженија кои што не се членки во матичните спортски федерации при АМС или пак за истите нема формирано спортска федерација | | Општина Битола ќе ги поддржува и активностите на спортските клубови/здруженија кои не членуваат во спортските федерации на АМС и истите имаат значајно место во спортскиот живот на општината | Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на учесници-спортисти, спортски екипи, број на деца со посебни потреби и број на жени кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | | 0 ден. | Број на ученици-спортисти<br>Број на деца со посебни потреби<br>Број на жени |
| **5.3.** | Програми и проекти за активности на лица со посебни потреби | | Општина Битола ќе ги поддржува активностите и проектите на спортските клубови/здруженија кои што работат со деца и лица со посебни потреби | Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на деца и лица со посебни потреби кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | | 0 ден. | Број на деца со посебни потреби |

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | МЛАДИ | | | | | | |
| 6.1. | Поддршка на проекти за млади | Општина Битола, Комисија за млади и спорт | Организации на трибини, курсеви и презентации кои континуирано ќе овозможуваат активно вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање. | Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време. Организирање на активности за користење на слободното време на младите преку редовни посети на (натпревари, фестивали, промоции, саеми). | 2020 | 0 ден. | Број на активности Број на млади вклучени во нив |
| 6.2. | Програма на Совет за млади | | Јавен повик за формирање на Совет за млади | Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација | | | Број на активности Број на млади вклучени во нив |

Вкупната вредност на планирана програма за 2020 година останува 32.100.000,00 денари.

Висината на средствата за реализација на Програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола се определува со усвојувањето на буџетот од страна на Совет на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2021 г.

Бр.09-133/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.11.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Информацијата од Општина Битола за превземените активности во врска со неексплодираните гранати во поранешна АРМ

1. Ја објавувам Информацијата од Општина Битола за превземените активности во врска со неексплодираните гранати во поранешна АРМ, одржанана 12.11.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1027/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.11.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 12.11.2020 година, донесе

## ИНФОРМАЦИЈА
## од Општина Битола за превземените активности во врска со неексплодираните гранати во поранешна АРМ

**Член 1**

За состојбата во врска со неексплодираните гранати во поранешна АРМ во Општина Битола се донесе заклучок:

– Дирекцијата за заштита и спасување во Битола да даде целосен извештај за состојбата и преземените активности во врска со неексплодираните гранати во поранешна АРМ, кој ќе се достави до Советот на Општина Битола.

**Член 2**

Донесениот заклучок да се достави до Дирекцијата за заштита на спасување - Битола.

**Член 3**

Оваа информација влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-133/16
12.11.2020 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2020 година ..................... 1

О Д Л У К А за проширување на средствата на Буџетот на општина Битола за 2020 година......... 2

П Р О Г Р А М А РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА БИТОЛА за периодот од 2021 до 2023 година ..................... 3

П Р О Г Р А М А за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола (2018-2023) ..................... 6

ОДЛУКА за отстапување во сопственост на движна ствар товарно возило за специјална намена (пајак) без надомест од страна на Општина Битола на „Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола (ЈППЈЛП) Битола “ Битола..................... 7

О Д Л У К А за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување во Општинската администрација на Општината Битола за 2020 година..................... 8

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифите за прочистување на отпадните води на КЈП „Нискоградба“ Битола за регулиран период 2021-2023 година, за населено место Кукуречани ..................... 8

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови во Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола..................... 9

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставник од родителите на децата во Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски цвет“- Битола..................... 10

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на измените на Годишниот план за вработување на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ Битола за 2021 година..................... 10

З А К Л У Ч О К за усвојување на Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Битола..................... 11

О Д Л У К А за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за набавка на брзи тестови за детекција на коронавирусот САРС КоВ-2..................... 11

И З М Е Н А Н А П Р О Г Р А М А Т А ЗА АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2020 година..................... 12

ИНФОРМАЦИЈА од Општина Битола за превземените активности во врска со неексплодираните гранати во поранешна АРМ..................... 17

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211